Почитувани новинари и новинарки, уредници и уреднички, добар ден!

Добре дојдовте на денешнава работилница која е посветена на прашањето на родот во медиумите, чија реализација е предвидена со Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за родова еднаквост 2013 – 2020.

Вам, како на медиумски професионалци, најмалку треба да ви зборуваме за клучната улога што медиумите ја имаат во одразувањето на општествената реалност, како и во осознавањето на општествените врски и односи и во создавањето на сликата за тоа кој е кој во реалноста што ја живееме.

Затоа денеска и нема да ви зборуваме за тоа. Ние немаме намера да ви кажуваме како да си ја работите својата работа, туку да ве потсетиме на едно од златните правила на професионалното новинарство – дека од време на време секој новинар треба да ја преразгледа својата секојдневна работа од аспект на односот што го има кон стереотипите и предрасудите.

Како пример ќе го искористиме односот што медиумите го имаат кон родовите прашања и родовото стереотипизирање. Вас ве покануваме да и пристапите на темава со отворени умови и со подготвеност да размислите, а се надеваме, по завршувањето на работилницава и со спремност да ја препознаете и да ја усвоите родовата перспектива како легитимен и релевантен елемент при изборот и подготовката на вашите прилози без оглед дали се информативни, забавни или едукативни.

Зошто токму родот? Затоа што настојуваме да бидеме дел од актуелните европски текови кои во последниве неколку години се фокусираат на прашањето на родовата еднаквост. На пример, Комитетот на министри на Советот на Европа, на 6 ноември – значи пред точно еден месец – ја усвои **Стратегијата за родова еднаквост 2014 – 2017**. Таа има пет стратешки цели, од кои првата се однесува на **Борбата против родовите стереотипи и сексизмот**, при што експлицитно се говори дека треба да се идентификуваат практични мерки со кои:

- ќе се промовира позитивна и нестереотипна слика за жените и за мажите во медиумите;

- ќе се отстрани сликата за инфериорност и потчинетост на жените како и стереотипите за мажественоста кај мажите;
- ќе се унапредува врамнотеженото учество на жените и мажите во одлучувачките позиции во медиумите, особено во управувањето, во програмите и во регулаторните тела.

Освен ова, една од фокусните точки на оваа стратешка цел е „борбата против сексизмот, како форма на говор на омраза и интегрирањето на оваа димензија во акциите на Советот на Европа чија цел е борба против говорот на омразата и дискриминацијата...“.

Што точно ќе се случува овде во идниве час - два? Работилницата ќе ја води доц. д-р Викторија Боровска, која е дел од тимот на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, предводен од проф. д-р Катерина Колозова. Да потсетам дека Институтот, за потребите на Советот, ги реализираше двете истражувања за родот во медиумите кои беа презентирани пред еден месец. Денеска нема само да бидат соопштени резултатите што произлегоа од овие истражувања - едното за третманот на родовите прашања, а другото за начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмските концепти и содржини на радиодифузерите. Професорката ќе направи една поширока контекстуализација на овие наоди како од аспект на појаснување на прашањето на родот и барањето за родова еднаквост, така и преку лоцирање на практиката на македонските медиуми во европски рамки и тоа преку публикацијата на Советот на Европа насловена: **„Жените и новинар(к)ите на прво место: Предизвик за медиумските професионалци да остварат демократија во праксата, квалитет во новинарството и да го запрат родовото стереотипизирање“.**

Ви посакувам денешново искуство да резултира со еден нов, родово свесен поглед на вашата работа.